## VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 10

При изготвувањето на фактурата, добавувачот е должен да ги наведе следните елементи:
Опис и количина на извршените услуги,како и единечна и вкупна цена за исплата, со пресметан ДДВ.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 11

Набавувачот се обврзува плаќањето на Добавувачот да го врши во рок до **30** дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Набавувачот, за извршената месечна услуга.

## X. ВИША СИЛА

Член 12

Набавувачот и Добавувачот се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.
Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за Облигациони односи.
Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

Член 13

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно ќе се решава пред Основен граѓански суд Скопје.

## XII. РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.
Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

## XIII. КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 15

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

## XIV. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 16

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во РСМ.